Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

# ИНТЕГРИРАЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ДОКУМЕНТИТЕ ЗА РОДОВА ПОЛИТИКА

БРОШУРА






# КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ

- **Климатските промени влијаат различно врз мажите и жените и имаат силна родова димензија предизвикана од родовите улоги во семејството и општеството.**
- **Полот ја зголемува ранливоста од негативните влијанија на климатските промени и го намалува капацитетот за прилагодување и ублажување на климатските промени**
- **Политиките за род и климатските промени, засебно, се многу добро дизајнирани и структурирани, но воопшто не се пресекуваат (климатските политики се родово слепи, а родовите политики не ги земаат предвид климатските промени ниту пак животната средина генерално).**
- **Постои евидентен недостаток на родово разделени податоци што можат да генерираат наоди за нијансирање на климатските политики.**
- **Пресекот на климатските промени и родовата еднаквост ќе придонесе за развој на одржливи и поефикасни политики.**
- **Вклучувањето на аспектот на климатските промени во подготовката на новиот Закон за еднакви можности е исклучително важно, бидејќи дава институционален импулс и правна обврска за земање предвид на родовата нееднаквост при креирањето на политики и одлуки од страна на централната власт.**

# ПРАВНА И СТРАТЕШКА РАМКА

## ПРАВНА РАМКА

Закон за еднакви можности на жените и мажите(2014)

## СТРАТЕШКА РАМКА

Акционен план за родова еднаквост и адаптација/ублажување кон климатски промени – извадок од првиот двогодишен извештај за климатски промени

Нацрт акциски план за интегрирање на родовите прашања при подготовката на 4-тиот национален план за климатски промени/ 3-тиот двогодишен извештај (2019)

Стратегија за воведување родово одговорно буџетирање во Република Македонија (2012-2017)

Трет двогодишен ажуриран извештај за климатски промени во Република Северна Македонија (2020)

Стратегија за родова еднаквост (2013-2020)

Национална стратегија за еднаквост и недискриминација (2016-2020)

Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020

Акциски план за родова еднаквост (2018-2020)

За повеќе информации во врска со правната, стратешката и институционалната рамка на земјата за климатските промени на национално ниво, меѓународните договори што земјата ги има усвоено, како и интеграцијата на климатските промени во секторските политики и националното известување, погледнете ја **Општата брошура** и / или посетете го овој линк.

# ПРЕГЛЕД

Вклучувањето на климатските промени во родовите политики и обратно ќе ја зголеми транспарентноста и ефективноста како и одржливоста на климатските политики и акции како што е наведено во Преамбулата на Договорот од Париз (2016) а потоа и во Програмата за род од Лима (LWPG) и во Акцискиот план за родова еднаквост на Рамковната Конвенција за климатски промени на ООН. Република Северна Македонија има преземено сериозни чекори во насока на интерсекција на родовите и климатските политики на политичко и институционално ниво, чекори кои се препознаени во регионот како добри практики.

Во рамките на проектите на UNDP/GEF [1], се имплементира еден систематски пристап за вклучување на родовата перспектива во извештаите на Република Северна Македонија до Рамковната Конвенција за климатски промени на ОН, почнувајќи со обезбедување поддршка и подготовка на методи, индикатори и препораки во рамките на студијата: “Родот и климатските промени во Македонија: Примена на родовата перспектива во Третата Национална Комуникација за климатските промени ” (Huyer, Sophia) а потоа и со развивање на Предлог Акциски план за Родова еднаквост и приспособување/ублажување кон климатските промени - Прилог на Првиот двегодишен извештај за климатските промени и Предлог Акциски план за интегрирање на родовите прашања при подготовката на 4тата Национална Комуникација/ 3тиот Двегодишен извештај за климатските промени (2019).

Иновативниот пристап за собирање на податоци, анализи и визуелизација на резултатите поврзани со практиките на загревање на домаќинствата во Скопје, овозможи широка база на полово – поделени податоци. Дополнително беше подготвена и социо - економска анализа која што ги посочи најранливите општествени групи, која што пак резултираше со подготовка на првиот водич за трансформирање на владините политики преку употреба на родово разделени податоци за климата.

Анализата за пресеците на родот и политиките за климатски промени содржи упатства за чекори кои треба да бидат преземени за да се развијат родово одговорни климатски политики и родови политики “отпорни на климатските промени”. (Идентификувани се недостатоците, но и се дефинираат препораки за подобрување, и се предлага владино тело за мониторирање и поддршка на имплементацијата на планираните активности).

Во Република Северна Македонија за првпат претставниците на државната администрација (локално и централно ниво) беа обучени за родот и климатските промени според подготвениот Прирачник за обука за родот и климатските промени. Изработени се Препораки за зајакнување на имплементацијата на Акцискиот план за род и климатските промени кои беа презентирани пред клучни државни чинители и пратеници во Парламентот како дел од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Последните институционални напори на ова поле се во насока на фактот дека постои одлична институционална средина за поврзување на климатските и родовите политики, што се должи на силната посветеност на клучните министерства. Во таа смисла, Министерството за труд и социјална политика активно ги поддржува и активно учествува во имплементацијата на спомenатите стратешки документи со цел да воведе систематски пристап за подобрување на имплементацијата на Предлог акцискиот план за родот и климатските промени. Како почетна точка за овој процес беше идентификувана предлог **Стратегијата за родова еднаквост, во која** ќе биде воведена **нова стратешка област за родот и климатските промени** како и формирање на постојана под-група за род и климатски промени во рамки на Интер-ресорската група за еднакви можности на жените и мажите како група одговорна за следење на имплементацијата на стратешките активности.

Министерството за животна средина и просторно планирање подготвува Стратегија за климатска акција каде што ќе се земе предвид родовата димензија на оваа проблематика. Преку поддршката на UNDP овие паралелни процеси се следат и поддржуваат со намера посилно да се поврзат родовите и политиките за климатски промени. На тој начин се подобрува изработката на стратешките и правните документи, во Стратегијата за родова еднаквост ќе се обработуваат ефектите од климатските промени додека пак Стратегијата за климатска акција ќе биде родово одговорна и ќе го вклучи прашањето на родова еднаквост. Овие стратешки документи ќе послужат како основа за подготовка на останатите стратешки документи, односно акциските планови за спроведување на стратешките цели.

[1] “Четврт национален план и Трет двогодишен извештај за климатските промени“ и „Зајакнување на институционалните и техничките македонски капацитети за зајакнување на транспарентноста во рамките на Договорот од Париз“ (проект CBIT)

# КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

СПЕЦИФИЧНИТЕ ПРИМЕРИ ОД ЗЕМЈАТА (ГРЕЕЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА (ЕНЕРГЕТИКА), ТРАНСПОРТ, ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ИКТ (ИНФОРМАТИВНИ И КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ) ПОКАЖУВААТ ДЕКА ЕФИКАСНОСТА НА КЛИМАТСКИТЕ АКЦИИ МОЖЕ ДА СЕ ПОДОБРИ СО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РОДОВО РАЗДЕЛЕНИ ПОДАТОЦИ

МЕЃУСЕКТОРСКИОТ ПРИСТАП Е СУШТИНСКИ ЗА ДА СЕ ОСИГУРИ ДЕКА ПОЛИТИКИТЕ ВЕЌЕ НЕ СЕ РОДОВО-СЛЕПИ, А ПОЛИТИКИТЕ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ГО ВКЛУЧУВААТ ВЛИЈАНИЕТО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ НА РОДОТ

ДЕФИНИРАЊЕ НА РОДОВИТЕ УЛОГИ ВО СЕКТОРИТЕ ПОВРЗАНИ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ Е ПРЕДУСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ЕФЕКТИВНИ И ЕФИКАСНИ ПОЛИТИКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ И ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УЧЕСТВО НА ЦЕНТРАЛНАТА РОДОВА МАШИНЕРИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ КОМУНИКАЦИИ ДО UNFCCC И ЦЕНТРАЛНИТЕ / НАЦИОНАЛНИТЕ ТЕЛА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

НА АКТУЕЛНАТА РОДОВА МАШИНЕРИЈА И Е ПОТРЕБЕН ДОПОЛНИТЕЛЕН ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ИМПУЛС ШТО ЌЕ СЛУЖИ ЗА СТРАТЕШКО НАМАЛУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ

МЕРКИТЕ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ ВО ПОГЛЕД НА ПАНДЕМИЈАТА ТРЕБА ДА ИМААТ ПОИНАКОВ ПРИСТАП И ДА БИДАТ ЕКСПЛИЦИТНО АДРЕСИРАНИ НА ПОТРЕБИТЕ И НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ.

**Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Зајакнување на институционалните и технички капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз", кој се спроведува со финансиска и техничка поддршка на ГЕФ и УНДП.**